**Протокол за работа на читалната на Јавната општинска установа – Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово**

1. На пријавницата корисникот се пријавува со членска карта и добива соодветно место за седење,
2. Пред влегување во читалната се мери температура на корисникот,
3. Пред влезот на читалната се поставува средство за дезинфекција на обувките,
4. Пред влезот на читалната се поставува средство за дезинфекција на рацете кои треба да се дезинфекцираат при секое влегување во читалната,
5. Се забранува присуство во другите простории на Библиотеката како што се ходници и хол,
6. Предмети (ташни, ранци) не смеат да се оставаат на подот,
7. Вратите и прозорците не смеат да се затвораат, истите се оставаат отворени и се фиксираат,
8. Храна и пијалоци не смеат да се оставаат на масите ниту да се внесуваат во Библиотеката,
9. Задолжително е носење на маска за лице кое е во простории на читалната,
10. Масите и и столчињата се наоѓаат на растојание од најмалку 1,5 и 2 метри,
11. Централните вентилациски системи, вентилатори, клима уреди и слично се ставаат вон употреба,
12. Се внимава на редот и мирот на Библиотеката,
13. Се запазува хигиената во објектот,
14. Напуштање на местото за седење се пријавува на пријавницата.